СО ДИЈАЛОГ КОН ЕУ

ПРАВИЛНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ - УСТАНОВИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ФОКУС НА ТЕАТАР И ИЗВЕДУВАЧКИ УМЕТНОСТИВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА OPEN ОТВОРЕНО SOCIETY ОПШТЕСТВО MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

РЕАКТОР истражување во акција

Center for Civil Communications Центар за граѓански комуникации

ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES EUROTHINK

Овие документи за јавни политики се изработени за да им помогнат на граѓанските организации и на граѓаните воопшто, да водат информирана дебата и да имаат пристап до стручни знаења, ставови и мислења на теми од значење за ЕУ интеграциите. Подрачјата во кои Република Северна Македонија ќе ги води преговорите се сложени и разновидни, а реформите кои ќе ги преземаме ќе отвораат бројни дилеми за кои ќе биде нужна експертска дебата. Содржините на проектот „Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ интеграциите" следете ги на **www.dijalogkoneu.mk**

- Автор: Д-р Иванка Апостолова
- Ова издание е достапно само во електронска форма

Оваа публикација е изработена со финансиска подршка од Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторот и не ги одразува ставовите на Европската Унија

СОДРЖИНА

Вовед	4
Кои се проблемите со кои редовно се соочуваме во контекст на правилното функционирање на институциите од доменот на драмските дејности во Македонија, во процесот на евроинтеграциите?	5
Опции на политиките	8
Препораки	12
Кратка биографија	17
Интернет извори	18

ВОВЕД

Кога Македонија ќе стане правна држава, сѐ ќе почне да функционира поинаку. Театарската уметност, како и културата и образованието во културата[1] и воопшто, се терен за злоупотреба од страна на политичките партии, кај нас. Ние сведочиме, единствено на континуирано еродирање на институциите на културата[2], со парадоксален ПР-бум за квазитрајност и псевдоимпакт на успехот (со исклучок на успешните примери).

Секоја европска и светска регулатива може да се преземе и да се постави во локален законски контекст (дури и буквално да се препише и преведе од интернет), но забораваме дека секоја позитивна регулатива од надвор базира и произлегува од поинаков контекст на развој; потекнува од земји каде што професионалното дејствување во театарот не е политички нарушено и нагризено (независно од нивниот економски стандард); потекнува од земји со сериозни културни и образовни политики[3], кои навистина програмско-стратешки се развиваат помалку или повеќе успешно во зададен стратешко-акционен рок и контекст, потоа го повторуваат како цел тоа што во претходниот стратешко-временски период не успеале во целост да го постигнат. Ниедна светска и европска регулатива нема да ни ги реши локалните проблеми доколку не се ресетира локалниот институционален менталитет на одговорност и коодговорност, институциите се луѓето во нив (човечките фактори се клучната алка за проблем и решение на проблем). Бесмислено е импортираните регулативи да стојат само на хартија, без нивна внимателно изведена адаптација во еден поинаков локален контекст, како нашиот и без соодветно спроведување на законите, правилниците што се базираат на објективна коректност.

[1] https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2021_en%20;
[2] https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/north-macedonia-report-2021_en ;
[3] https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2021_en

Кои се проблемите со кои редовно се соочуваме во контекст на правилното функционирање на институциите од доменот на драмските дејности во Македонија, во процесот на евроинтеграции?

Партизираната политика е еден од најголемите локални проблеми и пречки за развојот и за функционирањето на театарските институции во Македонија. Пример на локален проблем изложен во јавноста во периодот 2020/2021 година е НУ Театар „Антон Панов“ - Струмица; станува збор за групирање на драмскиот ансамбл - вработени актери и драматурзи во движењето именувано Култура или фис-култура,[4]со цел протест до Министерството за култура на РСМ, кое сакаше да назначи партиско лице за менаџер на културната институција - Васил Бубев, спортист по професија, за директор на НУ Дом на културата „Антон Панов“ -Струмица, институција под чие раководство дејствува и Театарот/театарската дејност на Домот. Уметниците ја бојкотираа работата протестирајќи константно и посветено со барања за департизација на културата во Македонија, вработување соодветен менаџер за култура, лице со дослух и умешност за раководење културна институција, лице што ги следи културата и театарот локално, регионално и меѓународно, лице што ја познава работата на луѓето што ги создаваат културата и театарот кај нас, лице со смисла за тимска и колективна работа во театар, лице со познавање жанрови, формати и облици во културата и театарот, лице со познавање на историјата на театарот и со прецизни информации за актуелните дејци во современата култура и театар во струмичкиот регион, Македонија, Балканот, Европа и пошироко. Нивната битка допре до медиумите во и надвор од Македонија („Ал Џезира Балкан“), лице кое ги познава сите аспекти на водење културна институција и театарска дејност со свои потреби во однос на квалитетен репертоар, програма, избор на проекти, гости режисери, обуки за вработениот ансамбл со цел запознавање со нови методи на креативна работа, локални и меѓународни копродукции и размени, лице кое ќе се вложува, ќе вложува и ќе се залага за театарот. Во септември 2021, Министерството за култура го отстрани од функцијата в.д. директор лицето Васил Бубев и постави привремен в.д. директор од вработените во Домот на културата. Замената е привремено решена, но вистинскиот проблем останува.

Вториот пример за протест и бунт кон актуелното раководство се протестите на драмскиот ансамбл од НУ Театар Штип[5], кои се изведуваат под мотото „Култура без тортура“[6]. Сè започна со фриволното отпуштање на актерот Владимир Тулиев, кое набрзо беше стопирано поради неоснованост. Следуваат протести и јавно излагање на вработените актери кои се жалат на радикални спротивставености помеѓу нив и директорот, кој не ја признава нивната

[4] „Деградирачки и срамно е да се постави наставник по физичко да биде директор на културна институција!’’ линк: https://www.facebook.com/KulturaIliFisKultura
[5] „Отказот за актерот Владимир Тулиев стопиран, тој најави жалба’’ линк: https://bit.ly/3DuRxfI
[6] Култура без тортура,линк: https://bit.ly/3HAQf5e

работа и ги обвинува дека ја бојкотираат работата на театарската дејност и дека не знаат да ја работат својата работа[7]. Директорот ги пријавува во полиција, им забранува да учествуваат на проби при поставка на нови театарски претстави, им се заканува со отпуштање од работа... Оттука и произлезе веста на „Фејсбук“ дека НУ Театар Штип е еден од неколкуте театри во кои се вработени 50% т.н. фантоми или невидливи актери, режисери, драматурзи, кои земаат по 1000 евра плата месечно, а никој не знае кои се тие, како изгледаат и што работат. Во тек се медиумските излагања на проблемите од страна на актерите, кои ги обелоденуваат своите проблеми во локалните и националните медиуми).

Партизираната политика создаде брутален непотизам, суров опортунизам, прекуноќ измислени професионални идентитети во парализа и без искуствен сенс за креативност и оперативност, кои ја отежнуваат, оспоруваат, комплицираат работата во институциите. Институциите на културата (театрите) се злоупотребени за проблематичните интереси на одредени политички странки; театрите делумно служат за одржување културен статус кво, за фантомски вработувања на луѓе за кои никој не знае како изгледаат. Директорите на театрите се менуваат на секои три до шест месеци, нивната позиција се сведува на в.д. директори со ограничувања во носењето одлуки во институциите. Повеќето менаџери на театрите се партиски луѓе од несоодветна област или со спорни менаџерски способности, кои им се наметнуваат на менаџерски позиции во домовите на културата, националните театри, а тоа се одразува во профилирањето на човечките ресурси, профилирањето и спроведувањето на уметничките програми, спроведувањето и етаблирањето на уметничките методологии и практики во театрите. Доколку направите споредба на програмите и профилот на сите постојни национални театри кај нас, согледувате дека тие претставуваат копија еден на друг, тие заедно на едно компаративно купче, се сведуваат на еден единствен идентичен театар, копиран - мултиплициран во 15 национални театарски институции.[8] Во театарските ансамбли како никој да не знае која е суштинската улога на продуцентите, драматурзите, режисерите, менаџерите во контекст на нивната креативност, уметнички капацитети, развојот и профилот на театарот и програмата. Ние сè уште имаме проблем со неплатени авторски права за поставка на странски драмски текстови, поради што нашите претстави не можат да се изнесат надвор од Македонија на фестивалски или други стратешки турнеи. Кај нас нема видлив континуитет на современи домашни драмски автори, ниту тие се поставуваат на сцена, ниту се дискутираат јавно, ниту се работи на нивната регионална или меѓународна видливост и релевантност. Копродукциските иницијативи од локален, регионален и меѓународен тип минималистички се спроведуваат само во МНТ Скопје и НУ Театар Битола и тука имаме проблематичен аспект, кога режисерот е вработен/а во националната институција, има независен театар (вон матичната театарска куќа) со кој склучува

[7] Јас сум човек од културата како што велат,но денес ќе се симнам на нивно ниво за да можат да ме разберат и да се препознаат, а вие драги мои ќе ми простите на изразот кој ќе го употребам.Кристина АтанасоваАрсова, Линк: https://bit.ly/3nrKnn9

[8]Првата група на идентични копи-пејст национални театарски институции без идеа и визија за диференцирање и трасирање на репертоарот, програмата, проектите, целта, имиџот на театарската институција (институционална криза во последните 20 години): НУ Драмски театар Скопје, НУ Театар Куманово, НУ Театар Штип, НУ Театар Тетово, НУ Театар Гостивар, НУ Театар Охрид. Втората група на идентитични национални театарски институции: НУ Театар „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“ Велес, НУ Театар Прилеп, НУ Театар Албанска драма Скопје, НУ Театар Турска драма Скопје, НУ Театар Струмица, НУ Театар за деца и млади.
Трета група која отстапува од првите две групи (национални театри) поради поуспешното профилирање на програмската цел на театарот како куќа на театарската култура: МНТ Скопје, НУ Театар „Комедија“ Скопје, НУ Театар Битола, НУ Детски театарски центар.

копродукција за изведба на театарска претстава (додека овој тип на копродукциска опција не е достапна за другите активни творци/креатори на современиот театар во пракса (кои не се вработени во театарските куќи), преку отворен повик, распишан од страна на културната институција – национален театар или дом/ центар на културата со активна драмска дејност, со исклучок на НУ Домот на култура/Театар „Антон Панов“ - Струмица). Театарската сцена е дисперзирана од неколку групи што работат во своите затворени кругови, тие имаат меѓусебна доверба, но се затворени пред здравата конкурентност во културата, која го предизвикува и подобрува квалитетот и инвентивноста во современиот театар и културата воопшто. Театрите не организираат наменски аудиции за секоја нова претстава – без добро селектиран кастинг - претставите делуваат недовршено и полууспешно. Проблем е вработувањето на неодредено време во театрите, кое се злоупотребува од страна на политичките партии, кои вработуваат луѓе според своите интереси, или вработување на несоодветен и непродуктивен кадар.[9] Проблем е прекумерната просечност во современиот македонски театар како сцена, изворните мотивации и агони на создавање како да се одамна изместени. Проблем е и пасивноста на театарските институции, бидејќи 100 % зависат од јавниот буџет,[10] поради што има недостаток на изворни менаџерски стратегии за кофинансирање и меѓународни соработки. Проблем се децентрализацијата и недовербата во локалните општини за трансформација на дел од националните театри во градски театри. Сите уметници и културни работници стравуваат дека поради политичката некомпетентност на политичарите на локална власт, некои од театрите лесно може да бидат затворениж и да згаснат пор ади разидување со комерцијалните и коруптивните интереси на голем дел од локалните општини. Да, постојат позитивни исклучоци,[11] но тие се сведени на 20% позитивни примери, кои влеваат надеж и поместување на состојбите во статус кво. Ние само врз континуирана практична работа можеме да согледаме што ни недостасува, што ни е потребно и во кои насоки имаме потреба да се развиваме и да ја трасираме релевантноста на нашите институции, без вмешување на политиката во директната работа на театарските работници и уметници; препознавајќи ги и вклучувајќи ги соодветните алатки и методологии за спроведување на ваквите позитивни промени.

Појавата на ковид-19 како да беше брутално кристализирање и истакнување на проблемите во современиот театар кај нас. Додека театарските уметници и работници во светот се соочија со шокот и траумата со затварањето на театрите, нивниот изворен мотив за создавање уметност и креативни нагони ги пренасочи кон создавање хибридно-дигиталните

---

[9] Во Македонија нема промени во Законот за вработување во театарските институции , или си ангажиран на Договор на дело или те вработуваат со решение за постојан работен однос, зависно на која партиска странка ѝ припаѓаш, од која театарска фамилија доаѓаш или клан кој одлично котира со сите - независно кој е на власт или во опозиција. Ова се јавни тајни во државата, овие работи ни се потврдуваат кога одите на поединечни состаноци со театарски уметници (тогаш луѓето се отворени и го реферират сето незадоволство кое ја сузбива природната работа на развој во театарите) – и нема референции и линкови за оваа природа на нештата во земја без некорумпиран правен систем.

[10] Само 1% од годишниот буџет на Р. Северна Македонија е издвоен и наменет за поддршка, континуитет и развој на културата. 2021 г. линк: https://bit.ly/3oIFCVH

[11] Позитивни примери што ја поместуваат состојбата на статус кво и водењето на театрите или театарските програми со присуство на уметнички и конструктивен предизвик: НУ Театар Битола, програмата за развој на независната сцена за театар и изведувачки уметности во МКЦ, Кино Култура (за жал веќе не се во функција од почетокот на 2021 г., Театарот на Навигаторот Цветко се затвори со затворањето на Кино Култура), СКЦ Јадро, Театар Златен Елец, Театар Вондерланд, Артопија, Театар на сенки Скопје, видео театарските продукции на македонскиот центар ИТИ/ПРОДУКЦИЈА, Театар Провокација, Перформансите на ФРУ, студентските претстави на ФДУ и Прима/Ефта/Есра, заедницата на Танц-фест Скопје, перфорамнсите на Локомотива, уличните танци на Битрикс, делумно МНТ Скопје (откако влегоа во меѓународни копродукции и секогаш кога ансамблот на МНТ Скопје соработува со меѓународни визитинг режисери).

формати (со сета носталгија кон живата публика и аналогната интерактивност со публиката), додека нашите уметници, со ретките исклучоци, седеа дома и очајно позираа и се самопромовираа на социјалните мрежи. Кај нас немаше доволно локална самоиницијатива за да се спаси и оправда смислата за создавање театар. Театрите се затворија,[12] фестивалите се откажаа или тие ретките се поместија и се одржаа на отворено, фестивалските настапи надвор од земјата се откажуваа, екипите забораваат дека секогаш за улогите треба да имаш резервни актери (за да се избегне откажување на претставата, за да не се наруши континуитетот на животот на претставата).

Опции на политиките

Ние немаме градски, приватни и независни театри како тип театарска куќа-институција, имаме само национални театри со свој работен простор и услови за непречена работа и обиди за независни или приватни театри – организации, но без свој работен простор и без услови за континуирана независна програмска работа и проектно продуцирање. Затоа наведувам неколку добри примери (како своевидна позитивна насока за нашите културни политики и институционални политики во културата), поточно мала селекција од богатиот избор на инспиративни примери низ Европа и САД од типот на: Мини театар (приватен театар), Театар Глеј (независен театар) во Љубљана, Словенија; Кунст театар од Загреб, Хрватска (независен театар); Шаубуне, Театар Горки, Фолксбуне – градски театри од Берлин, Германија; богатите и разнолики сцени на офф Берлин или офф офф Берлин, Германија како ХАУ Хебел унд Уфер, Фрај Буне Мите*;* или богатите и разнолики сцени на оф Бродвеј или офф офф Бродвеј, во Њујорк, САД – Театарот Лин Редгрејв, Електра Театар, СоХо Плац Хаус... - типови/видови театри со свој работно-креативен простор.

Република Северна Македонија е единствената земја во Европа во која нема национална асоцијација на драмски уметници, по примерот на регионалните и европските национални асоцијации,[13] мрежи и федерации за заштита на интересите, правата, програмите, визиите, професиите, соработките во доменот на драмско-сценските уметности. Доколку постоеше националната асоцијација, поради денешната интернационализација на театрите (како своевиден тест за професионална кредибилност на поединците и институциите во современиот театар), ќе беше вмрежена со балканските и европските асоцијации, наменските мрежи и федерации за драмско-сценски дејности во културата, кои ќе им ги олесниа критериумите и стандардите за работа дома и во меѓународната соработка, преку

---

[12]„Министерката за култура Стефоска и директорите на театрите разговараа за работата во услови на ковид‘’
Линк: https://bit.ly/2YWhN3B
Линк: https://bit.ly/3kMzkTK
[13]ЗДУС Словенија, линк. https://zdus.si/about-the-association/;
Хрватско друштво драмских умјетника – линк.http://www.hddu.hr/about-hddu.aspx;
Удружење драмских уметника Србије, линк.https://www.udus.org.rs/;
Удружење глумаца Црне Горе, линк.http://www.glumci.me/;
Удружење драмских писаца Црне Горе, линк. https://www.facebook.com/nasadramaMNE/;
Удружење драмских умјетника Алт Театар, Босна и Херцеговина, линк. https://www.altteatar.com/kontakt ...
Ние на пр. го имаме Синдикатот за култура, кој ги спроведе промените во колективниот договор во сите национални институции за култура во РСМ, линк. https://bit.ly/3Dv1FVN

примена на континуирани меѓународни професионални размени, едукативни соработки, театарски копродукции, за поттик и развој на дефицитарните драмски дејности, аналогно и дигитално документирање и архивирање на проектите во континуитет, без да дозволат политичките партии радикално да им ги прекројуваат професионалните судбини, со поттикнување несоодветен опортунизам при вработувања, исклучување на стручност и искуство, и пасивизација на раководните и програмските индивидуи и одбори.

И покрај сè, имаме неколку или малку театри кои се членови на меѓународни мрежи како: Асситеј[14] (меѓународна мрежата за детски и младински театар); мрежата на Шекспир фестивали посветени на опусот на Вилијам Шекспир;[15] членови во светската асоцијација на меѓународни фестивали...[16], но треба да има соодветни луѓе од/во самата театарска институција кои умеат да го менаџираат тоа во контекст на комуникација и спроведување на интересите и потребите на локалната театарска сцена во рамките на мрежата во која членуваат; за нејзина воспоставена и понатамошна меѓународна видливост, релевантност, конкурентност.

Театрите во Р. Северна Македонија, меѓу другото, не смеат да бидат средина и средство за перење пари, преку создавање интересни групи што дозволуваат голем процент од одобрените проекти да заврши во џебот на тие што им овозможуваат да режираат во одредена театарска куќа, независно кој е на власт – тактиките и интерните стратегии секогаш се исти.

Театарот како уметност и занает дома и во светот никогаш нема да стане 100% самоодржлива културна област, бидејќи овие професии не се професии на материјата и профитот, овие професии и се професии на духот и метафизиката на уметноста и културата.

[14] АССИТЕЈ – линк: https://www.assitej-international.org/en/
[15] Европска асоцијација на Шекспир-фестивали - линк: https://bit.ly/3wWbZDM
[16] Европска асоцијација на фестивали – линк: https://www.efa-aef.eu/en/home/

ЗАКЛУЧОК

Драмските академии во Македонија конечно треба да ги ресетираат своите постојни образовни програми. Така ќе ги одржат и негуваат постојните класични методологии[17] и предмети на настава (глума, режија, драматургија, продукција, визуелна драматургија – синергија на светло, звук, сцена и костим); да воведат нови предмети, за развој на нови методи, пристапи, стилови, естетики и поетики, хибридни перспективи во создавањето театарски, перформативни уметнички дела. Да се воведат нови предмети,[18] да се ангажираат дополнителни професори, визитинг професори, асистенти, да се разработи образовната мобилност и размена на кадри, да се воведат нови задолжителни и изборни предмети. Ние имаме бројни талентирани театарски уметници и работници со завршено високо театарско образование вон Македонија (на одлични европски и светски универзитети), кои можат да бидат прекорисни доколку бидат ангажирани, доколку своето знаење почнат да го применуваат и споделуваат во рамките на наставата на драмските академии. МОН несебично треба да ги поддржи академиите со поголем буџет за[19] да се спроведат неопходните програмски дополнувања, потребните сукцесивни реформи. Ние имаме успешни луѓе ангажирани во светските театри, со нив треба да се воспостави добар контакт и соработка, секогаш кога се во можност преку официјални покани да ги споделуваат своите искуства за поинаквите системи низ светот за театарско создавање и негово промовирање (од образование, меѓународно пробивање, почетна кариера, кариера во подем, професионална етаблираност, меѓународна кариера – сите етапи на развој). Драмските академии треба да распишуваат повик за нови студенти на секои 4 години за да избегнат непотребна хиперпродукција на актери, режисери, драматурзи, продуценти-организатори.

Во Македонија театрите немаат институционална и програмска доследност, тие се преоптоварени со превработеност[20], која им го нагризува и отежнува буџетот наменет за инвестициско одржување и продукција на квалитетни претстави. Без одлагање и развлекување, треба во рок од една година да се завршат сите почнати изградби на новите наменски згради – театарските објекти на НУ Турски театар Скопје, НУ Театар „Антон Панов“

---

[17] Како извор за насоки и понатамошни истражувања го препорачувам следниот линк: https://www.schooltheatre.org/advocacy/national/researchandreports

[18] Мал пример - предметите зависат и од нашите уметници кои завршиле театарско образование, се стекнале со практично-сценско и теоретско, едукативно искуство и надвор од Македонија; и кои со себе носат поинакво стекнато, совладано, изградено искуство, методологија, стил, естетика, поетика во сценското изразување - драмско, перформативно, танцово, театарско, оперно ... или: повеќе методолошки пристапи во практичното изучување на глумата, сценската режија, драматургијата, драмското пишување, креативната продукција... дишење, говор и дикција, сценско движење, кореографија и глума, кореографија и режија... експериментален театар и лаборатории, постдрамски театар, дигитален театар/театар филм, визуелна драматургија, светло дизајн, звучен дизајн, историја и стилови на перформанс, сајт спесифик театар, документаристички театар, ЛГБТ театар, феминистички театар, политички театар, социјален театар, физички театар, пантомима... документирање и архивирање театарски градива... промовирање театарски гардива... меѓународни копродукции... како поединечни практични предмети (во вид на модули или долгорочни работилници) - значи сценската пракса има своја хендс он генеза, историја... не само историско-теоретско апстрахирање на искуствата во театарот. Значи недостасува програмско профилирање и доследност во практичната примена во/на едукативните процеси, нема интерес за континуиран креативен, уметнички развој, едукација и провокација усмерена кон новите генерации од страна на образовните институции (и) во доменот на драмско-сценската дејност.

[19] Буџет МОН, 2021, линк. https://bit.ly/32edFNO; прескокнати се известувањата на МОН за 2020 и 2019 година, објавени за перидот од 2018 до 2016 г., линк. https://mon.gov.mk/category/?id=2063

[20] Не постои еден поединечен документ кој е јавно објавен и достапен со овие податоци, но достапни се дисперзирани медиумски и други објави на интернет, кои ќе се обидам да ги наведам: *Во театрите вработени 77 лица - уметнички кадар*. линк: https://kanal5.com.mk/articles/223050/vo-teatrite-vrabotebni-77-lica-umetnichki-kadar;

во Струмица, реновирањето на НУ Драмски театар во Скопје, изградбата на новиот НУ Театар „Војдан Чернодрински“ во Прилеп.

Или манифестно резиме:

- Итна законска департизација и деполитизација на театарските уметности и професии, како и на целата културна сцена, така ќе заживеат во пракса и примена сите позитивни законски промени кои засега постојат само како (предлог) законски текст.

- Стимулирање и развој на профилирани театри. Ресетирање на постојните и поддршка на нови алтернативни иницијативи за непречен и инспиративен/инспириран развој на театарските сцени кај нас.

- Системско негување на театарското наследство и искуството на театарската антропологија во Македонија (театарот како дел од културното наследство).

- Интернационализација на театарската уметност во Македонија преку колаборативни копродукции, меѓународни фестивалски соработки, добро осмислени меѓународни гостувања, континуирана изработка на монографии во англиски превод (официјален јазик на културната дипломатија), преведување на македонските современи драмски текстови, постојани (хибридни) дигитални и аналогни промоции и учествување во широки меѓународни компаративни истражувања и дигитални архивирања.

ПРЕПОРАКИ

1. Препорака до Владата, Собранието, Министерството за финансии, Министерството за култура, општините, театрите и домовите на културата/центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност) во РСМ.

- Пристап до безбеден работен простор за создавање.

---

2. Препорака до Владата, Собранието, Министерството за финансии, Министерството за култура, општините, театрите и домовите на културата/центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност) во РСМ.

- Пристап до современа сценска (аудио-видео) технологија.

---

3. Препорака до Министерството за култура, општините, театрите и домовите на културата/центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност) во РСМ.

- Квалитетно обмислена и реализирана програма за да се почувствуваат дека нивната работа, нивната професија има смисла, тежина и причина.

---

4. Препорака до Министерството за култура, Општините, театрите и домовите на културата/центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност) во РСМ.

- Потребни се луѓе од театарска пракса со организациски и менаџерски способности и сенс за уметност, за водење/раководење на театрите и обмислување и дизајнирање на годишните програми на театарските куќи, без лични финансиски интереси, уцени, контрадикторни и проблематични условувања.

---

5. Препорака до Министерство за култура, општините, театрите и домовите на културата/ центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност) во РСМ.

- Неопходна е програмска автономија на театрите.

---

6. Препорака до Министерството за култура, општините, театрите и домовите на културата/центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност) во РСМ.

- За да не наликуваат на институциски копии и да се избегне меѓусебното имитирање на театрите кај нас, потребно е да се преиспитаат капацитетите на вработените уметници во театрите преку отворени аудиции и анализа и проценка на нивните достигнувања со цел прецизна проценка - кој од театрите има капацитети да се пренамени од национален во градски театар и да се трансформира и профилира во театар кој поддржува уметници во

подем, високо етаблирани уметници со домашна кариера, високо етаблирани уметници со меѓународна кариера, како да соработува со младите и како да соработува со уметниците во својата трета доба, вклучувајќи ги и пензионираните, кои сè уште поседуваат витален нагон за уметничка работа; да се стимулираат разработки на разни формати на монодрами, дуодрами, камерни претстави, перформанси, колаборативни колективни претстави... жанровски од комедии, трагедии до спектакли, театарски минијатури... и други иновации во интердисциплинарни, мулти-крос-транс дисциплинарни контексти, интерсекции, облици, форми и содржини.

7. Препорака до Владата, Собранието, Министерството за финансии, Министерството за култура, општините, театрите и домовите на културата/центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност) во РСМ.

- Јавното буџетирање во театрите да се редуцира на 50% до 30% кофинасирање од страна на јавниот буџет (плати и институционално одржување) и да се стимулира праксата за успешен менаџерски фандрејзинг од некорумпиран приватен сектор, други локални, регионални и меѓународни грантовски извори за развој на уметничка продукција.

8. Препорака до Министерството за култура, општините, театрите и домовите на културата/центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност) во РСМ.

- Да се разработуваат стратегии за инвестирање средства од добивка преку продадени карти/влезници,

9. Препорака до Владата, Собранието, Министертсвото за финансии, Министерството за култура, општините, театрите и домовите на културата/центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност)во РСМ.

- Да се реконструира/реобмисли начинот и времетраењето на вработувањето во театрите, поради избегнување летаргија, мрзливост, креативен застој, ретроградeн комфор.

10. Препорака до Министерството за култура, општините, театрите и домовите на културата/центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност) во РСМ.

- Да се обмисли и примени постојана размена и комуникација за и на драмски дела на домашни и странски автори.

11. Препорака до Министерството за култура, општините, театрите и домовите на културата/центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност) во РСМ.

- Да се воспостават театарски партнерства со другите театри дома, во регионот и низ Европа (за размена на искуства, гостувања и копродукции).

12. Препорака до Министерството за финансии, Министерството за култура, општините, театрите и домовите на културата/центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност) во РСМ.

- Редовно и ревносно да се преведуваат драмски текстови означени со ИСБН и ЦИП-код (преводите да бидат достапни, евидентирани со соодветен код на платформата КОБИС.МК за полесен и транспарентен увид наменет за истражувачите, теоретичарите на театарските уметности – домашни и странски, кои ја следат, откриваат и реоткриваат локалната продукција кај нас).

---

13. Препорака до Министерството за култура, општините, театрите и домовите на културата/центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност) во РСМ.

- Неопходно е редовно и професионално читање драмски текстови (интерно и јавно, класично и инвентивно).

---

14. Препорака до Министерството за култура, општините, театрите и домовите на културата/центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност) во РСМ.

- Потребно е да се организираат редовни дискусии и пичинзи со режисери од мешани генерации, за капацитетот на поставки, адаптации, инсценации на разни домашни и странски текстови, сценарија, книжевни дела, спонтани колективни драматургии...

---

15. Препорака до Министерството за култура, општините, театрите и домовите на културата/центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност) во РСМ.

- Да се стимулира копродукцискатa соработка помеѓу домашните театри и домашните театарски фестивали.

---

16. Препорака до Министерството за култура, општините, театрите и домовите на културата/центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност) во РСМ.

- Да се стимулираат иновативни копродукции помеѓу независниот сектор во култура/театар и националните театри што имаат неспоредливо подобри физички услови за работа.

---

17. Препорака до Министерството за култура, општините, театрите и домовите на културата/центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност) во РСМ.

- Да не се потценува независниот театарски сектор.

18. Препорака до Министерството за култура, општините, театрите и домовите на културата/центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност) во РСМ.

- Домашните театарски фестивали да ги ресетираат своите програми и да овозможат програмски простор за најдоброто од студентските проекти, младите и невработени уметници во акција и подем, да не ја исклучуваат продуктивноста и конкурентноста на независната сцена (најдобрите светски театарски уметници работат активно и на независна и мејнстрим-сцена).

19.Препорака до Владата, Собранието, Министерството за финансии, Министерството за култура, општините, театрите и домовите на културата/центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност) во РСМ.

- Да не се попречуваат законските промени за подобрување на условите за работа и социјална заштита на независниот сектор во културата/театарот и изведувачките уметности кај нас, кои се во тек на примена, бавна примена, но остварлива и препотребна. Ние, луѓето, по сензибилитет, творечки карактер, перспективи на доживување на светот, реалноста и ирационалноста – сме различни меѓу себе. Диверзитетот треба да се поддржува во демократски институционален баланс.

20. Препорака до Владата, Собранието, Министерството за финансии, Министерството за култура, општините, театрите и домовите на културата/центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност) во РСМ.

- Добрите критериуми и добрите културни политики зависат од отворената комуникација и постојаната соработка помеѓу уметниците, културните работници и културните политичари – таа комуникација треба да биде редовна, ажурна, постојана; со заинтересирани и посветени културни политичари, кои ревносно ја следат нашата работа и сакаат да нѐ запознаваат и ја познаваат културата професионално и објективно; поточно луѓе што ја сакаат уметноста на театарот. Потребите, искуствата, барањата и залагањата на оние што ги создаваат, протежираат, афирмираат и проучуваат уметноста и занаетот на театарското создавање, добрите театарски пракси, кои не трпат корупција, се материјалот за добри, корисни и перспективни културни политики.

21. Препорака до Владата, Собранието, Министерството за финансии, Министерството за култура, општините, театрите и домовите на културата/центрите на културата (кои спроведуваат активна драмска дејност) во РСМ.

- Со доследна автоинтеграција и освестување, решавање на домашните проблеми, ние го коригираме и постигнуваме секој стандард кој одамна некој го оквалификувал како ЕВРОИНТЕГРАЦИЈА.

БИОГРАФСКИ АПЕНДИКС

Во рамките на истражувањето споделено во содржината на овој документ ги изнесувам своите согледувања и препораки врз основа на директна практична инволвираност и придонес во развојот на домашната сцена за театарските и изведувачки уметности. Мојот фокус се задржува на драмската уметност во театарот во современа Македонија, за периодот од 2010 до денес.

Неколку искуства - Во 2011/2012 со колегите од Институтот Евро-Балкан и претежно алтернативната независна сцена кај нас ја работевме Стратегијата за култура со акционен план за 2012/2015 на Град Скопје, во 2016 г. ; како претставник на независната сцена учествував во колективната разработка на стратегиите за култура на општините Центар од Скопје, Струмица и Струга, за периодот 2017/2020. Во периодот 2017/2018 како претставник на независната сцена учествував во отворените дебати со претставниците на Министерството за култура и културните дејци, творци од Македонија, каде што ги предлагавме и дискутиравме идеите и предлозите за натамошен развој и конципирање на новиот Закон за култура и Стратегијата за култура на Министерството за култура за периодот од 2017/18 до 2020/21 г.

Како индивидуален уметник и културен работник и раководител на правно лице – НВО во култура (Македонски центар на ИТИ/ПРОДУКЦИЈА), преку подготовка на исцрпни документации за проекти, аплицирани на повиците на Град Скопје и Министерството за култура, вклучувајќи ги искуствата и аргументите за тоа да бидеш поддржан или одбиен со проект. Моите искуства и согледувања кога работиш на проект поддржан од национална институција - театар и кога се соочуваш со организациските околности во институцијата одразени на развојот на проектот во подготовка. Моите искуства на програмирање на интердисциплинарен фестивал иницран од Град Скопје, како јавна, општинска институција, која иницира и поддржува развој на јавен фестивал и ред други експериментални и објективни согледувања, стекнати преку нашите иницијативи, вмрежувања, соработки, реализации на активности и проекти; партнерство со Гете-институтот Скопје и програмите и фестивалите во кои учествувам како Театертрефен Берлин, НРВ Дизелдорф, Камершпил Минхен...

Моите секундарни искуства како претставник на организација – како членка на националната мрежа „Јадро“, мрежа на организации и поединци, активни во доменот на независната култура кај нас, преку следење на многу долгите процеси и залагања за формирање организација за култура преку јавно-цивилно партнерство, увидувањето на сличностите и разликите помеѓу соработките и организациите формирани преку јавно-приватно партнерство (правни комбинаторики, кои, за жал, брзо згаснуваат кај нас, и укажуваат на неизводлива самодржливост поради погрешно застапени интереси); дејствување во насока на проширување на списокот на професии во културата кои заслужуваат да бидат вклучени и поддржани од страна на Министерството за култура во категоријата - самовработени во културата со поддршка на платени придонеси од страна на Министерството за култура

наменети за самостојни културни работници – куратори, менаџери во културата, организатори, покрај списокот на постојните професии; дејствување во процесите на профилирање наменски грантовски политики, во кои не се мешаат критериумите наменети за младите во сцената, наспроти искусните на културната сцена, кои зад себе имаат повеќе од десет, дваесет, триесет години работно, професионално искуство во култура; развој на грантовска поддршка за независен сектор со траење од 3 до 5 години финансиска поддршка по примерот на Фондот „Култура нова“ од Хрватска; упатените критики до културната политика и проблематична оперативност на Министерството за култура, за радикалното доцнење на исплатата на одобрените средства за 2020 г. за одобрени и завршени проекти (дел од долговите од 2020 г. се исплатија дури во јуни 2021 г); лобирање за примена на британскиот модел за поддршка на развојот во културата со одредени % на даночно ослободување од добивките на Државна лотарија на Македонија, наменети за поддршка на развојот на културата и уметноста; лобирање во процесите за стабилен и добро осмислен трансфер од аналоген кон електронски начин на аплицирање на проекти и програми врз основа на отворен повик за годишна програма на Министерството за култура, како и за преостанатите отворени повици на Министерството кои произлегуваат од нивните грантовски и субвенциски културни политики.

Д-р Иванка Апостолова е самовработена во култура; таа е визитинг вонреден професор по историја на уметноста и дизајн, современа уметност на Факултетот за арт и дизајн, Европски универзитет - Скопје и програмски продуцент на Македонскиот центар на интернационален театарски институт/ПРОДУКЦИЈА.

Портфолио/Portfolio - https://eurm.academia.edu/ivankaapostolova,

Уредник/EditorforTheTheaterTimes - https://thetheatretimes.com/author/i-basker/

Раководител/HeadforMacedonianCenter ITI/PRODUKCIJA - URL. https://www.iti-worldwide.org/macedonia.html

Фејсбук/Facebook. https://www.facebook.com/pg/MacedonianCenterofInternationalTheaterInstitute/photos/?tab=albums

Јутуб/YouTube. https://www.youtube.com/channel/UCdiN20fUtY067-_TWkeJMbQ

Издавачка секција/PublishersMacedonianCenter ITI/PRODUKCIJA. https://www.facebook.com/PersonalFuturismPublicPolitics

ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ [21]

1.Министерство за култура

http://kultura.gov.mk/pocetnamk/

2.Предлог-закони на Министерството за култура

http://kultura.gov.mk/predlogzakoni/

3.Закони на Министерството за култура

http://kultura.gov.mk/zakoni/

4.Град Скопје

https://skopje.gov.mk/

5.Стратегија со акционен план за развој на културата на Град Скопје за периодот 2012 – 2015 година

https://skopje.gov.mk/media/1309/strategija-za-razvoj-na-grad-skopje-za-periodot-2012-2015-godina-konecna-verzija.pdf

6.International TheaterInstitute, UNESCO

https://www.iti-worldwide.org/committees.html

7.Линкови до партнерите на ИТИ, други професионални меѓународни мрежи и асоцијации

https://www.iti-worldwide.org/links.html

8. Performingarts (suchastraditionalmusic, danceandtheatre)

https://ich.unesco.org/en/performing-arts-00054

9. SupportofDiversityinthePerformingArtsandMusic

https://en.unesco.org/creativity/policy-monitoring-platform/support-diversity-performing-arts

10. ITI/UNESCO WorldPerformingArtsCapital

https://www.iti-congress.org/performingartscapital.html

11. ITI/UNESCO NetworkforHigherEducationinthePerformingArts

https://theatreculture.org/network/iti-unesco-network-for-higher-education-in-the-performing-arts/

12. EuropeanTheatreInitiative

https://ec.europa.eu/culture/sectors/performing-arts/european-theatre-initiative

13. PerformEurope

https://performeurope.eu/

14. i-Portunus

https://www.i-portunus.eu/

15. EuropeanTheatreForum 2020: EuropeanPerformingArtsinFocus

https://www.europeantheatreforum.eu/

16. EuropeanTheaterConvention

https://www.europeantheatre.eu/

[21] Изворите се користени, консултирани во периодот од 1 октомври 2021 г. до 24 октомври 2021 г.

17. PoweroftheperformingartsinEurope
file:///C:/Users/apost/Downloads/Power%20of%20performing%20art%20in%20Europe_final.docx%20(1).pdf
18. Europeana - Performingarts
https://www.europeana.eu/en/performing-arts
19. TheaterandDance, GoetheInstitute
https://www.goethe.de/en/kul/tut.html
20.Assitej International
http://www.assitej-international.org/en/
21.Thevoiceofmusic, performingartsandliveperformanceorganisations
https://www.pearle.eu/
22. ISPA – InternationalSocietyforPerformingArts
https://www.ispa.org/
23. TheaterandDance
https://theatreanddance.britishcouncil.org/
24.Македонски центар ИТИ/ПРОДУКЦИЈА (НВО)
https://www.iti-worldwide.org/macedonia.html
https://www.facebook.com/MacedonianCenterofInternationalTheaterInstitute/
25.Национални театри во Скопје и Македонија
https://mnt.mk/ (НУ Македонски национален театар, Скопје)
https://dramskiteatar.com.mk/ (НУ Драмски театар, Скопје)
https://narodenteatarbitola.com/en/homepage/ (Национален театар Битола)
https://www.puppet.com.mk/pretstavi (НУ Театар за деца и млади, Скопје)
https://teatarkomedija.mk/ (НУ Театар Комедија, Скопје)
http://www.turktiyatrosu.mk/ (НУ Турски театар, Скопје)
https://www.facebook.com/AlbanianTheatre (НУ Албански театар, Скопје)
https://www.facebook.com/profile.php?id=100008458630847 (НУ Театар Тетово)
https://www.facebook.com/marketingteatarkumanovo (НУ Театар Куманово)
http://www.teatarstip.mk/Istorijat.html (НУ Театар Штип)
https://teatarveles.mk/en/ (НУ Театар Јордан Хаџи Константинов-Џинот, Велес)
https://www.markocepenkov.org/2012-03-26-22-10-15.html (НУ Театар Војдан Чернодрински, Прилеп)
https://www.centarzakulturaohrid.com.mk/ohridski-teatar.html (НУ Театар Охрид)
https://www.facebook.com/Qendrateatroreperfemije (НУ Театар Гостивар)
26.Национална опера и балет, Скопје
https://operabalet.mk/

27.Национални и меѓународни фестивали за театар, танц, перформанс, опера

http://mtf.com.mk/wp/ (Национален театарски фестивал – Војдан Чернодрински, Прилеп)

http://www.mot.mk/2019/ (Меѓународен театарски фестивал Млад отворен фестивал, Скопје)

http://ohridskoleto.com.mk/en/ (Меѓународен фестивал Охридско лето (секција: театар)

http://www.stranizza.com (Панфиз – Меѓународен фестивал за пантомима и физички театар, Скопје)

http://skupifestival.mk/en/ (Меѓународен театарски фестивал- СКУПИ)

https://www.facebook.com/%D0%98%D0%A2%D0%A4-%D0%9B%D0%B8%D1%86%D0%B0-%D0%B1%D0%B5%D0%B7-%D0%BC%D0%B0%D1%81%D0%BA%D0%B8-ITF-Faces-Without-Masks-152224771609057 (Меѓународен театарски фестивал – Лица без маски, Скопје)

https://dafkocani.com/ (Фестивал на драмски аматерскиот театар-ДАФ, Кочани)

https://www.facebook.com/risto.siskov/ (Меѓународен фестивал на камерни претстави-Ристо Шишков, Струмица)

https://dancefestskopje.com.mk/ (Танц фест Скопје – Меѓународен танцов фестивал)

https://www.facebook.com/skomrahi/ (СКОМРАХИ-Меѓународен студентски фестивал, Скопје)

http://esfn.eu/festivals/bitola-shakespeare-festival (Шекспир - Меѓународен фестивал, Битола)

http://monodrama.mk (Меѓународен фестивал на монодрамата, Битола)

https://www.facebook.com/FestivaliTeatroveOthello/ (Меѓународен театарски фестивал Отело, Гостивар)

28.Центри на култура/домови на културата со програма за театар и изведувачки уметности

https://mkc.mk/en/ (Младински културен центар, Скопје)

https://www.facebook.com/centarjadro (СКЦ ЈАДРО, Скопје)

https://www.kinokultura.org.mk/ (Центар за современа култура Кино Култура, Скопје)

29..Активна независна сцена за театар и изведувачки уметности

https://artopia.mk/ (Артопија, Скопје)

https://www.facebook.com/teatarzlatenelec (Театар Златен Елец, Скопје)

https://www.facebook.com/TEATARNAVIGATOR (Театар Навигатор Цветко, Скопје)

https://www.facebook.com/TeaBegovskaProjects (TeaBegovskaProjects, Скопје)

https://www.facebook.com/Wonderland-Theatre-107622730975439 (Wonderland Театар, Скопје)

http://tranzen.com.mk/ (Транзен, Струмица)

30.Факултет за драмски уметности/УКИМ Скопје

http://www.fdu.ukim.edu.mk/index.php?lng=en

31.Универзитет Прима (некогашна ECPA Скопје)

http://www.esra.com.mk/

32.Факултет за музички уметности/УКИМ Скопје

http://www.fmu.ukim.edu.mk/ (Факултет за музички уметности, Скопје)

33. Министерство за образование и наука (закони)

https://mon.gov.mk/page/?id=2055